Во врска со член 122 од Законот за високо образование, Меѓународен Универзитет ВИЗИОН го упатува следниот

**ЈАВЕН ПОВИК**

**За членови на Одбор за соработка и доверба на факултетите при МУВ**

За да оствари соработка и доверба со јавноста, деловната заедница, професионалните комори и други институции и здруженија на граѓани од подрачјето во кое ја врши високообразовната дејност и научно-истражувачката работа или уметничкото творештво, како и да оствари јавност и одговорност за вршењето на дејноста од јавен интерес, единиците на Универзитетот формира одбор за соработка и доверба со јавноста. Одборот за соработка и доверба со јавноста има советодавна улога.

За член на одборот за соработка и доверба може да се пријави секое лице со најмалку високо образование кое ужива доверба од локалната заедница и професионалната фела.

Член на одборот за соработка и доверба со јавноста не може да биде лице кое согласно со одредбите од Законот за установите не може да биде член на орган на управување на установа.

Заинтересираните лица можат да го изразат својот интерес со пријавување по електронски пат на адресата info@vizyo.edu.mk со назнака: пријава за член на одборот за соработка и доверба или преку архивата на Универзитетот, во рок од пет дена од денот на објавувањето на овој повик.

*Гостивар, 17.11.2021*